**<u>Барање за отворање на специјална линија за донации – физички лица</u>**

*Инструкции за поднесување на ова барање се дадени на наредната страна*

| | |
|---|---|
| **Податоци за подносителот на Барањето** *<br>*пополнува родител/старател/полномошник со приложено полномошно доколку корисникот на донација е малолетен или не е во можност да потпишува договори<br><br>(Внесете име, презиме, ЕМБГ, број на л.к., адреса на живеење/престојување и општина) | |
| **Податоци за лицето за кое се отвора специјална линија за донации-корисник на донацијата (доколку е различно од Подносителот на барањето)**<br><br>(Внесете име, презиме, ЕМБГ, број на л.к., адреса на живеење/престојување и општина) | |
| **Дали сте согласни податоци за донацијата да се објават на веб страната на А1 Македонија?**<br><br>(Се објавуваат име и презиме на Корисникот на донација, бројот на доделената линија за донација и нејзиното времетраење на интернет страната на А1 Македонија во делот за отворени линии за донација) | ☐ДА ☐НЕ |
| **Дали се одобрени средства за лекување од ФЗО?**<br>(ако одговорот е ДА, да се даде објаснување и да се приложи доказ за износот кој е одобрен за исплата од ФЗО) | ☐ДА ☐НЕ |
| **Цел за која се бара отворање на специјална линија за донации**<br>(да се наведе за каква интервенција се потребни донираните средства и медицинската установа) | |
| **Потребен износ на парични средства***<br>*се наведува износот за потребната интервенција наведен во документот од медицинската установа и се доставува соодветен доказ за потребниот износ | |
| **Трансакциска сметка и депонентна банка на која ќе се префрлат средствата** | |
| **Опционална дополнителна трансакциска сметка и депонентна банка на која ќе се префрлат средствата кога не може да се изврши плаќање на горенаведената трансакциска сметка** | |
| **Телефонски број и e-mail адреса за контакт** | |
| **Датум и потпис на подносител на барањето** | |

➢ **<u>Напомена:</u>** Корисникот на донацијата самостојно одлучува дали потребната интервенција ќе се изврши во државна здравствена установа или во приватна здравствена установа.

**<u>Кон пополнетото Барање потребно е да се приложат следните документи:</u>**

- VSD документ за физички лица
- Медицинска документација (потврда за медицинска дијагноза, издадена од овластена установа; писмо од медицинската установа за закажана операција/лекување/рехабилитација; про-фактура за лекување/операција/рехабилитација или друг документ од медицинската установа во кој ќе биде наведена цената на соодветната интервенција; останата документација со која се утврдува медицинската состојба на лицето и препораката за лекување)
- Доколку е поднесено барање и се одобрени средства за лекување од ФЗО, да се приложи поднесеното барање, одлуката на ФЗО или друг соодветен документ со кој се докажува одобрениот износ за лекување кој ќе биде на товар на ФЗО
- потпишан образец на договор за доделување на специјален број за донација
- доколку бројот е наменет за малолетно лице, потребно е да се достави копија од извод од матичната книга на родените поради потврдување на точноста на податоците.
- Доколку бројот е наменет за лице со целосно или делумно одземена деловна способност, да се достави копија од одлука на надлежен суд/орган за назначување на негов старател
- Доколку бројот е наменет за лица со деловна способност, но во моментална тешка или сериозно нарушена здравствена состојба, да се достави копија од извод од соодветна матична книга за утврдување роднинска поврзаност помеѓу подносителот на барањето и корисникот на донацијата

**<u>Адреса за доставување на документацијата</u>**

▪ во управната зграда на А1 Македонија на адреса: „Плоштад Пресвета Богородица" бр. 1, 1000 Скопје, директно на овластено лице од Одделот за корпоративни комуникации". Подносителот на барањето се идентификува со важечки документ за лична идентификација (лична карта или пасош на увид).
▪ со достава на Барањето и останатата документација до овластено лице од Корпоративни комуникации по електронски пат на претходно објавена е-маил адреса (само за Подносители чие живеалиште е надвор од Скопје);

**<u>Важни напомени</u>**

> Барањето за отворање на специјална линија за донации може да биде одобрено само доколку е доставена комплетна документација.

> Врз основа на прифатено барање, А1 Македонија ќе отвори специјална линија за донации. Со повик на оваа линија, се донира фиксен износ од 100,00 денари. Линијата е достапна за донации само на корисниците на А1 Македонија.

> Времетраењето на користење на линија за донации е ограничено до собирање на износот на парични средства наведен во Барањето, а најмногу 6 (шест) месеци по корисник на донација.

> Исплатата на собраните донирани средства од корисниците на А1 Македонија се врши исклучиво врз основа на потпишан Договор за доделување на специјална линија за донации.

> Износот на собраните средства донирани од корисниците на А1 Македонија, А1 Македонија ќе го исплати во целост на трансакциската сметка наведена во поднесеното барање, според условите и роковите предвидени во склучениот договор. Примателот на донацијата е одговорен за исполнување на било какви обврски за пријавување и плаќање на данок за префрлените парични средства согласно закон.

> А1 Македонија ги користи документите и податоците од барањето исклучиво за потребите на отворање и користење на специјалната линија за донации. Врз основа на барање согласно пропис податоците од ова барање може да бидат доставени до надлежен државен орган.

> Врз основа на дадена согласност, А1 Македонија ќе објави податоци за Корисникот на донацијата и доделената специјална линија на својата веб страница. Понатамошната комуникација со јавноста во поглед на донирањето преку доделената специјална линија е обврска на Подносителот на барањето.